# ПРАВИЛНИК

## за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## (пречистен текст)

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

*Предмет на уредување*

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат: внатрешните односи и работењето, дејноста, печатот, знаците и другите обележја, внатрешната организација и органите на Машинскиот факултет во Скопје како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

*Статус и основна дејност*

**Член 2**

Машински факултет во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) е јавна високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот).

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии, научно-истражувачка и применувачка, односно апликативна високостручна дејност во областа на машинството и други со него поврзани наставно-научни, истражувачки и стручни области.

**Член 3**

Факултетот ја остварува дејноста од член 1 од овој Правилник во согласност со законот, Статутот и другите акти на Универзитетот.

**Назив и седиште**

**Член 4**

Факултетот работи под назив: Република Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет - Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет - Скопје.

Називот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Mechanical Engineering - Skopje, Republic of Macedonia.

Седиштето на Факултетот е на: Карпош II бб, 1000 Скопје.

*Датум на основање*

**Член 5**

Факултетот е основан со Законот за основање оддели на Техничкиот и Медицинскиот факултет на Универзитетот во Скопје, донесен од Народното собрание на Народна Република Македонија на 19 јуни 1959 година, како Електромашински оддел на Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје. Со донесувањеðî на Законот за основање на Архитектонско-градежен, Електро-машински и Технолошко-металуршки факултет во Скопје од Собранието на Социјалистичка Република Македонија на 13 јули 1965 година, на 1 октомври 1965 година ôàêóëòåòîò започнува да работи како Машински отсек на Електро-машинскиот факултет, односно во периодот 1 јануари 1977 - 30 јуни 1977 година како отсек на Електротехничкиот и Машинскиот факултет. Со одлуки на одделните собири на работниците, донесени на 1 јули 1976 година, согласно со Законот за здружениот труд и Законот за високото образование, дотогашната работна организација ЕМФ се дели на две ООЗТ. Како самостојна, ООЗТ Машински факултет работи до

30 јуни 1977 година. Во периодот 1 јули 1977 - 30 јуни 1988 година, ООЗТ Машински факултет работи здружена во РО Универзитетски центар за математичко-технички науки. По расформирањето на Центарот, во периодот 1 јули 1988 - 22 август 2002 година, Факултетот работи како самостојна РО. Врз основа на усогласувањето со Законот за високото образование (Службен весник број 64/2000), од 23 август 2002 година Факултетот се регистрира под називот Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Машински факултет - Скопје.

*Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот*

**Член 6**

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со закон и со Статутот на Универзитетот.

## АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА

**Член 7**

Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

**Член 8**

Факултетот дејноста ја врши врз принципот на академска автономија.

Одредбите за автономијата утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот соодветно се применуваат и на Факултетот.

## ПЕЧАТ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

*Печат*

**Член 9**

Факултетот има печат со тркалезна форма, во кој во средината е грбот на Република Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет, а во внатрешниот ред: Република Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

*Штембил*

**Член 10**

Штембилот на Факултетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Машински факултет, број ___.___/___ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

*Знаци и други обележја*

**Член 11**

Факултетот има амблем (лого), знаме и инсигнии.

Амблемот (логото) претставува заштитен знак на Факултетот, со специфична и единствена структура и изглед, кој служи за идентификување и распознавање на ентитетот.

Амблемот се состои од логотип од трите букви МФС, почетни букви на целосното име на Факултетот, Машински факултет - Скопје. Буквите се поставени една до друга со делумно препокривање, така што М со десниот дел покрива дел од Ф, а Ф со десниот дел покрива дел од С. Буквите се креирани во кириличниот фонт Мак_Президент, со црни контури (хексадецимален код 000000). Првата буква, М, е исполнета со сина боја (хексадецимален код 0000СС), втората буква, Ф, е исполнета со црвена боја (хексадецимален код 990033), а третата буква, С, е исполнета со жолта боја (хексадецимален код ФФФФ00).

Амблемот (логото) се користи и без боја, во сива варијанта (сива палета на бои).

Амблемот на Факултетот се употребува на знамето, инсигниите на деканот, уверенијата, плакетите, меморандумот, изданијата и на рекламните материјали на Факултетот, како и на други пригодни одличја што се издаваат по разни поводи на Факултетот.

Знамето на Факултетот е бело со правоаголна форма и во средината го содржи амблемот на Факултетот.

Знамето на Факултетот се истакнува по повод денот на Факултетот, патронниот ден на Универзитетот, на прослави, свечености и други активности кои се од значење за Факултетот и Универзитетот.

Инсигниите на деканот на Факултетот, покрај единствените основи за инсигниите уредени со Статутот на Универзитетот, го содржат и амблемот на Факултетот поставен од двете страни.

Инсигниите на деканот ги носи деканот на Факултетот при прослави, промоции и други свечености на Факултетот и Универзитетот.

При употреба на знаците и другите обележја на Факултетот истовремено се употребуваат и знаците и обележјата на Универзитетот.

*Ден на Факултетот, награди и признанија*

**Член 12**

Ден на Факултетот е 19 јуни, датумот кога се започнати студиите по машинство во состав на Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје.

Член 13

По повод јубилеи и други значајни настани, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата со одлука ги утврдува Наставно-научниот совет.

## ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

Член 14

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност, Факултетот:

- го планира остварувањето и развојот на дејностите во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства, од самофинансирачките активности, донации и сл.;
- врши високообразовна, научноистражувачка, применувачка, односно апликативна дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во рамките на Универзитетот и, по овластување, надвор од Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот;
- организира конгреси, симпозиуми и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот;
- во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на Библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
- врши издавачка дејност во согласност со актите на Универзитетот;
- издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
- издава документи врз основа на продавање на научни и стручни услуги и производи и врз основа на јавни овластувања;
- предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
- остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
- разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
- организира Стручна и административна служба во согласност со актите на Универзитетот;
- се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност и за кадрите во Стручната и административна служба;
- реализира домашни и меѓународни проекти во согласност со актите на Универзитетот;
- се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
- ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
- врши и други работи утврдени со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

Член 15

Во рамките на Машинскиот факултет во Скопје, како внатрешни организациски единици функционираат:

- институти;
- Оддел;
- катедри
- лаборатории;
- Компјутерски центар;
- Библиотека.

Член 16

На Факултетот се основани и функционираат шест институти, и тоа:

**Институт за производно инженерство и менаџмент**

Во состав на Институтот постојат следниве катедри:

- Катедра за производни технологии и системи;
- Катедра за технологии на обликување со пластична деформација;
- Катедра за индустриско инжинерство и менаџмент.

Во состав на Институтот се наоѓаат следниве лаборатории:

- Лабораторија за производни технологии и процеси;
- Лабораторија за метрологија на геометриски карактеристики и истражување на квалитет;
- Лабораторија за технологии на обликување и брзи прототипови;

- Лабораторија за компјутерски интегрирано производство (ЦИМ);
- Лабораторија за индустриско инженерство и менаџмент.

**Институт за машински конструкции, механизациони машини и возила**

Во состав на Институтот постојат следниве катедри:

- Катедра за механизациони машини и возила;
- Катедра за конструирање.

Во рамките на Институтот се наоѓаат следниве лаборатории:

- Лабораторија за конструирање и индустриски дизајн;
- Лабораторија за механизациони машини;
- Лабораторија за возила.

**Институт за термичко инженерство**

Во состав на Институтот постојат следниве катедри:

- Катедра за термотехника;
- Катедра за термоенергетика.

Во состав на Институтот се наоѓаат следниве лаборатории:

- Лабораторија за климатизација и топлински мерења;
- Лабораторија за ладилна техника, компресори и топлински пумпи;
- Лабораторија за котли и индустриски печки;
- Лабораторија за топлински турбини;
- Лабораторија за мотори со внатрешно согорување.

**Институт за хидраулично инженерство и автоматика**

Во состав на Институтот постојат следниве катедри:

- Катедра за механика на флуиди, хидраулични машини и постројки;
- Катедра за автоматика и мехатроника.

Во состав на Институтот се наоѓаат следниве лаборатории:

- Лабораторија за механика на флуиди и хидраулични машини;
- Лабораторија за автоматика и управувачки системи.

**Институт за заварување и заварени конструкции**

Во состав на Институтот постојат следниве катедри:

- Катедра за инженериски материјали;
- Катедра за заварување и сродни постапки;
- Катедра за метални конструкции.

Во состав на Институтот се наоѓаат следниве лаборатории:

- Лабораторија за инженерски материјали;
- Лабораторија за заварување и сродни постапки;
- Лабораторија за дефектоскопија и металографија;
- Лабораторија за конструкции.

**Институт за механика**

Во состав на Институтот постојат следниве катедри:

- Катедра за статика и јакост;
- Катедра за механика на машини и мехатроника.

Во состав на Институтот се наоѓа следнава лабораторија:

- Лабораторија за вибрации, бучава и механика на машини.

Во рамките на Машинскиот факултет функционира и:

**Оддел за математика и информатика**

Во состав на Одделот постојат следниве катедри:

- Катедра за математика;
- Катедра за информатика.

*Институти*

**Член 17**

Институтите се формираат на определено научноистражувачко поле за изведување фундаментални, развојни и апликативни проекти и за изведување наставно-образовна дејност поврзана со соодветното научноистражувачко поле.

Институтот го сочинуваат катедри кои припаѓаат на соодветното научноистражувачко поле.

Дејностите и функцијата на катедрата може да ја изведува и институтот.

**Член 18**

Институтите:

- организираат и остваруваат наставно-образовна дејност;
- организираат и остваруваат научно-истражувачка дејност;
- организираат и остваруваат применувачка, односно апликативна дејност;
- учествуваат при изработката на програмите за научноистражувачката и наставно-образовната работа на Факултетот;
- изведуваат стручни, советувачки и други применувачки, односно апликативни услуги;
- учествуваат во создавањето на научен подмладок;
- се грижат за развојот на научните дисциплини и струки;
- го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа;
- ги проучуваат можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;

- вршат и други работи утврдени со овој Правилник.

**Член 19**

Институтите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на научноистражувачката и наставно-образовната работа, а врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 20**

Институтот има раководител, именуван и разрешуван од деканот, по предлог на институтот.

Раководителот се избира, по правило, за време од 4 години, со право на уште еден избор.

Мандатот на постојните раководители им продолжува до изборот на новите раководители, кој се спроведува по изборот на новиот декан.

В.д. деканот може да назначи в.д. раководители.

За прашањата од својата надлежност, институтот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на вработените во институтот.

Раководителот:
- ја организира и ја води работата на институтот;
- ги свикува и ги води состаноците на институтот;
- се грижи за редовното изведување на наставно-образовната и на научноистражувачката работа од областа на институтот;
- ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на институтот;
- ги известува органите на Факултетот за работата на институтот;
- се грижи наставната ангажираност на наставниците и соработниците да биде порамномерно распределена;
- ги известува вработените во институтот за работата на Деканатската управа;
- врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

Одредбите за раководителот на институтот кои се однесуваат на изборот, разрешувањето и должината на мандатот соодветно се применуваат и за раководителот на Одделот, раководителите на катедрите, раководителите на лабораториите и раководителот на Компјутерскиот центар.

*Катедри*

**Член 21**

Катедрите се формираат во рамките на институтите за наставни предмети од иста или од сродна научна област, со цел усогласување и развивање на наставно-образовната, научноистражувачката, применувачката, односно апликативната дејност.

Катедрата ја сочинуваат наставниците, соработниците и асистентите - докторанди од иста или сродна научна област на Факултетот.

Во работата на катедрата може да се вклучат и студенти.

**Член 22**

Катедрите:
- соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
- остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка, односно апликативна дејност;
- ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми, ја насочуваат и ја усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа;
- со научноистражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интер-дисциплинарни поврзани области;
- се грижат за пренесување на научно-истражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми
- во трите циклуси на студии;
- развиваат современи педагошки методи;
- се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
- предлагаат теми за сите организирани циклуси на високото образование;
- предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
- вршат и други работи утврдени со овој Правилник.

**Член 23**

Катедрите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа, а врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 24**

Катедрата има раководител, кој, по предлог на катедрата, се именува и се разрешува од деканот.

*Оддели*

**Член 25**

Одделите се формираат заради неопходно поврзување на научните области, насочување и усогласување на наставно-образовната и со неа поврзаната научноистражувачка дејност, како и

заради развивање на научните дисциплини и струки од тие области.

Член 26

Работата на одделот ја организира и ја води раководител, кој, по предлог на одделот, се именува и се разрешува од деканот.

*Лаборатории*

Член 27

Лабораторија се формира за практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа.

Лабораториите се основаат, се припојуваат, се делат и се укинуваат со одлука на Наставно-научниот совет, а по предлог на институт.

Член 28

Работата на лабораторијата ја организира и ја води раководител, кој, по предлог на институтот, се именува и се разрешува од деканот.

*Компјутерски центар*

Член 29

Компјутерскиот центар дејствува во областа на примената на информациската и комуникациската технологија.

Компјутерскиот центар, како дел од интегрираниот универзитетски информативен систем, ги координира планирањето, проектирањето, изградбата и одржувањето на информациската и комуникациската инфраструктура на Факултетот.

Центарот организира и одржува интегриран современ информативен систем, кој обезбедува пристап до сите релевантни податоци од областа на високото образование и научноистражувачката дејност, во областа на дејноста на Факултетот, за студиските и предметните програми, наставно-научните области, називите и степените на стручната подготовка, условите и режимот на студирање, дипломираните студенти, магистри и доктори на науки на Факултетот, наставно-научните, научните и соработничките кадри на Факултетот, библиотечната граѓа итн.

*Центри*

Член 30

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научно-истражувачката и наставно-образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување на информатички и информациско-документациски активности.

Центрите можат да вршат применувачка, односно апликативна дејност.

Член 30-а

На Факултетот се формира Центар за кариера согласно со актите на Универзитетот.

Составот, делокругот и начинот на работа на Центарот за кариера се утврдува со актот за негово основање.

*Библиотека*

Член 31

Библиотеката на Факултетот учествува и дава свој придонес во библиотечното работење, во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за високообразовните наставници и научни работници.

Стручна и административна служба

Член 32

Стручните и административните работи ги врши Стручната и административна служба при Факултетот, како дел од интегрираната Стручна и административна служба на Универзитетот.

Со Службата на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот и пред генералниот секретар на Универзитетот.

Член 33

Секретарот, по предлог на деканот, се избира од Наставно-научниот совет на Факултетот.

За секретар може да биде избрано лице со завршено високо образование - правен факултет и 4 години работно искуство во струката по дипломирањето.

Член 34

Секретарот на Факултетот:

- се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на органите на Факултетот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
- ги следи прописите и им укажува на органите на Факултетот;
- се грижи за уредноста и ажурноста на работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Стручната и административна служба;
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Факултетот и за тоа го известува деканот;

- се грижи за извршувањето на работите по налог на генералниот секретар на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со Статутот и другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

**Член 35**

Секретарот е одговорен за работата на Стручната и административна служба на Факултетот.

Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот по предлог на деканот на Факултетот и генералниот секретар, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот и овој Правилник и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 36**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административна служба се утврдуваат со актите на Универзитетот.

## ОСНОВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 37**

По иницијатива на Факултетот, Универзитетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот.

**Член 38**

Центарот за истражувања, развој и континуирано образование (ЦИРКО), основан од Факултетот со својство на правно лице, продолжува да работи согласно со одредбите од Статутот на Универзитетот.

## ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 39**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, декан и Деканатска управа.

*Наставно-научен совет*

**Член 40**

Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот.

**Член 41**

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите во работен однос на Факултетот.

Во Наставно-научниот совет свои претставници избираат студентите.

Претставниците на студентите се избираат од Студентскиот парламент на Факултетот. Мандатот на студентите е 2 години. Бројот на претставниците од редот на студентите е 10% од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет.

**Член 42**

Наставно-научниот совет може, за одделни студиски програми или за други потреби, да формира стручни тела, комисии и други работни групи.

*Надлежност на Наставно-научниот совет*

**Член 43**

Наставно-научниот совет:

- донесува Правилник за внатрешните односи и работењето на Факултетот;
- донесува четиригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
- утврдува најмалку еден кандидат за декан и предлогот го доставува до ректорот на Универзитетот;
- избира продекани;
- избира членови во Универзитетскиот сенат;
- му предлага на Сенатот студиски програми на македонски и на англиски јазик согласно со закон;
- донесува програма за научноистражувачка работа;
- врши избор во наставно-научни звања - доцент и вонреден професор и во соработнички звања; избор во научни и насловни звања и избор на асистенти - докторанди;
- предлага број на студенти кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус на студии;
- на Деканатската управа ѝ предлага мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- на Деканатската управа ѝ предлага мерки и одлучува за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа и за компјутерската мрежа;
- избира и разрешува секретар на Факултетот;
- ги избира членовите на Комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот;
- одлучува за Библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот;
- одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и сл.;
- одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со овој Правилник и Статутот на Универзитетот,
- избира членови на рецензентски комисии;
- одлучува за внатрешните организациски единици на Факултетот;
- донесува план за реализација на наставата;

- одлучува за прифаќање на извештајот за работата на деканот;
- дава согласност за вршење дејност на друга единица на Универзитетот;
- дава предлог за вршење дејност на друга единица на друг универзитет;
- избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
- предлага воведување на партиципација на трошоците за студирање;
- донесува одлука за потреба од наставник и распишува конкурс;
- ја разгледува иницијативата за предвремен престанок на изборот во звање;
- формира комисија за изготвување реферат за предвремено престанување на изборот во звање;
- избира членови на Дисциплинската комисија за одговорност на студентите;
- обезбедува замена на наставниците и соработниците кои користат платено, односно неплатено отсуство;
- поканува визитинг-професори за извршување високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време;
- донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан;
- формира изборна комисија за спроведување на постапката за избор на декан;
- донесува програма за стручно и професионално усовршување и за различни облици на неформално учење;
- донесува правила за студирање;
- склучува договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот;
- одлучува за склучување на договори за двојна диплома (доубле дегрее) или заедничка студиска програма (јоинт дегрее) согласно со Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот;
- организира различни облици на неформално учење согласно со Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот;
- донесува програма за вклучување на визитинг-професори од странство согласно со Законот за високото образование, Статутот и актите на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, со Статутот на Универзитетот, со овој Правилник и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

**Член 44**

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

При изборот во наставно-научни и наставни звања не учествуваат студентите.

За работите од ставот 1, алинеи 1, 3, 4, 6 и 8 на член 43 од овој Правилник, Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Советот.

**Член 45**

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот за кои е дадена можност Наставно-научниот совет да одлучува да гласа тајно.

Одлуката за начинот на спроведување на гласањето се донесува со јавно гласање.

**Член 46**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/3 од членовите.

Начинот на работа (деловнички прашања) на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици се утврдени со Анекс 1, кој е составен дел на овој Правилник.

**Член 47**

Наставно-научниот совет врши избор на членови на Универзитетскиот сенат со тајно гласање, во согласност со Деловникот за работа на Наставно-научниот совет.

**Член 48**

За прашањата за кои се одлучува во Сенатот, членовите на Универзитетскиот сенат добиваат насоки од Наставно-научниот совет.

Кога нема можност да се свика седница на Наставно-научниот совет, сенаторите вршат консултации со деканот, а на првата наредна седница за насоките добиени од деканот се известува Наставно-научниот совет.

Сенаторите го информираат Наставно-научниот совет за одлуките на Сенатот.

*Декан*

**Член 49**

Деканот е раководен орган.

Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Правилник.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршење на друга државна функција или функција во политичка партија.

*Надлежности на деканот*

**Член 50**

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Универзитетскиот сенат и ректорот на Универзитетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот и овој Правилник.
- ги извршува одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет и Деканатската управа;
- се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната дејност;
- ги свикува седниците на Наставно-научниот совет и Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува деканатската управа;
- на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
- распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани;
- ги промовира дипломираните студенти и доделува награди;
- управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и со овој Правилник;
- донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на раководниот орган, согласно со Законот за јавни набавки и актите на Универзитетот;
- поведува иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање;
- потпишува уверенија;
- одлучува за правата и обврските од работен однос кои не се во надлежност на органите на Универзитетот и Факултетот;
- го потпишува договорот за вработување на лицата избрани во звања заедно со ректорот;
- одлучува по барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со закон, со Статутот на Универзитетот и со овој Правилник.

На наставникот кој не го исполнува минимумот број на часови за наставна дејност за учебната година, утврден со одлуката за распоредот на часовите и наставата, деканот со решение му определува часови настава од сродна научна област. Вкупниот број на часови на секој циклус се распределуваат рамномерно.

Против решението на деканот може да се поднесе приговор до Наставно-научниот совет во рок од 8 дена сметано од денот на приемот.

Деканот е должен најмалку еднаш во годината, до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот, да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, со Статутот на Универзитетот, со овој Правилник и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот, и за тоа го известува ректорот кој донесува одлука по спорното прашање.

*Избор и разрешување на декан*

**Член 51**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите, за време од четири години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

Ректорот го избира деканот по предлог на Наставно-научниот совет. Изборот на декан го потврдува Сенатот.

*Утврдување кандидат за избор на декан*

**Член 52**

Утврдувањето кандидат, односно кандидати за избор и изборот на декан се вршат на начин и во постапка уредени со Статутот на Универзитетот.

*Престанок на функцијата декан*

**Член 53**

На деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:

1. ако биде разрешен;
2. ако поднесе оставка;
3. ако му престанал работниот однос;
4. во други случаи утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

**Член 54**

Ако Наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се поведува постапка за негово разрешување.

На истата седница на која не е усвоен извештајот на деканот, Наставно-научниот совет формира трочлена комисија за спроведување на тајното гласање и одлучува за датумот на гласањето.

Наставно-научниот совет за разрешувањето на декан одлучува на ист начин како за утврдување предлог-кандидат за декан.

Деканот кој е разрешен има право на приговор до Сенатот во рок од 7 дена.

Одлуката на Сенатот е конечна.

Ако на деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, ректорот назначува в.д. декан согласно со Статутот на Универзитетот.

*Продекани*

**Член 55**

На Факултетот се избираат 3 продекани.

**Член 56**

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да ги овластува продеканите.

**Член 57**

Продеканите ги избира и ги разрешува Наставно-научниот совет по предлог на новоизбраниот декан, според постапката предвидена со овој Правилник.

Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

За својата работа, продеканите одговараат пред Наставно-научниот совет и пред деканот.

Вршењето на должноста продекан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Член 58**

Новоизбраниот декан го доставува предлогот за кандидати за продекани со определена област до Наставно-научниот совет, во писмена форма, најдоцна една седмица пред седницата на која ќе се врши нивниот избор.

Членовите на Наставно-научниот совет ги избираат продеканите со тајно гласање. За полноважност на изборот потребно е присуство на 2/3 од членовите.

За избран се смета кандидатот кој ќе добие мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку некој од предложените кандидати за продекани не го добие потребниот број гласови, на негово место деканот предлага нов кандидат.

Мандатот на продеканите е четири години, со право на уште еден избор.

Мандатот на постојните продекани им продолжува до изборот на новите продекани, кој се спроведува по изборот на новиот декан.

В.д. деканот може да назначи в.д. продекани.

Деканот може да поднесе предлог до Советот за разрешување на некој од продеканите во случај ако тој со своето работење битно го нарушил работењето на Факултетот, ја злоупотребил својата функција или несовесно ја извршувал функцијата за која е избран.

Постапката за разрешување на продекан е иста како за неговиот избор.

*Деканатска управа*

**Член 59**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и има 12 члена.

Членови на Деканатската управа се деканот, 3 продекани, постојните раководители на институтите и Одделот и претседателот на Студентскиот парламент на Факултетот.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
- донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите што се во надлежност на Наставно-научниот совет;
- го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот;
- согласно со закон, на Универзитетот му предлага измена или проширување на дејноста;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучуваат Наставно-научниот совет и деканот;
- одлучува по предлозите од Наставно-научниот совет;
- врши и други работи по овластување од Наставно-научниот совет;
- донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на органот на управување, согласно со Законот за јавните набавки и актите на Универзитетот;
- врши и други работи определени со овој Правилник;
- донесува план за јавни набавки;

- одлучува по барањата на студентите;
- одлучува за предложените мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти. одлучува за предложените мерки за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа и за компјутерската мрежа;
- одлучува за распоредот на часовите и наставата (обезбеденост на наставата) по предлог на основните внатрешни организациони единици на Факултетот;
- донесува програма за студиски престои на соработници/асистенти, студенти и за реализација на визитинг-професори од Факултетот на странски универзитети;
- го определува обемот на учество во наставно-образовниот процес на асистентите - докторанди;
- врши и други работи согласно со закон. Статутот на Универзитетот, како и со другите акти на Универзитетот и Факултетот.

**Член 60**

Деканатската управа работи на седници што ги свикува и со кои раководи деканот.

Деканатската управа може да работи доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од присутните членови на Деканатската управа.

Деканот има право да стави вето на општ акт и одлука на Деканатската управа кои се спротивни на законот и на актите на Факултетот и Универзитетот.

Одлука по спорното прашање донесува Наставно-научниот совет.

## СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ

***Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии***

**Член 60-а**

За организирање на вториот циклус студии на Факултетот се формираат наставно-научни колегиуми за втор циклус студии (во понатамошниот текст: колегиуми).

Колегиумите се формираат за една, односно повеќе сродни студиски програми при институтите на Факултетот - предлагачи и носители на соодветните студиски програми и како заеднички колегиуми за студиските програми кај кои како носители се јавуваат два или повеќе институти, односно Одделот за математика и информатика.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот се утврдува составот, односно студиските програми од втор циклус на студии кои влегуваат во колегиумот согласно со став 2 од овој член.

Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој Правилник.

**Член 60-б**

Колегиумот го сочинуваат избраните наставници во работен однос на Факултетот што ја изведуваат наставата на вториот циклус студии на студиската програма.

По исклучок на став 1 од овој член, член на Наставно-научниот колегиум е и еден наставник од Одделот за математика и информатика.

Членот од Одделот за математика и информатика го определува Одделот на барање од продеканот за меѓународна соработка, наука и развој.

Мандатот на членот од Одделот за математика и информатика трае 4 години.

Деканот на Факултетот, на почетокот на учебната година, со решение го утврдува составот на членовите на колегиумот и го именува неговиот раководител.

*Надлежност на колегиумот*

**Член 60-в**

Колегиумот:

- му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на втор циклус студии и за селекција на кандидатите;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за условите за запишување на кандидатите коишто имаат завршено други студиски програми;
- се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
- расправа по приговори во врска со уписот и носи одлуки по истите;
- поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми;
- определува ментор на студии;
- ја подготвува и спроведува постапката за пријава, одбрана и оценка на магистерскиот труд;
- ги подготвува точките од дневниот ред на седниците на Наставно-научниот совет кои се однесуваат на постапката за пријавување, оценка и одбрана на магистерските трудови и ги доставува до деканот;

- доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;
- на Наставно-научниот совет му предлага наслови на темите на магистерските трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
- на Наставно-научниот совет му предлага комисии за оценка и одбрана на магистерските трудови;
- утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од вториот циклус на студии;
- врши и други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

*Раководител на колегиумот*

**Член 60-г**

Со колегиумот раководи раководител.

Раководител на колегиумот е раководителот на институтот/Одделот.

Раководителот:

- ја организира и ја раководи работата на колегиумот;
- одговорен е работите од надлежност на колегиумот да се вршат во согласност со актите на Универзитетот и Факултетот;
- ги подготвува, ги свикува и ги води седниците на колегиумот;
- се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на колегиумот;
- ги известува органите на Факултетот за работата на колегиумот;
- ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на колегиумот;
- ги потпишува записниците од седниците на колегиумот;
- врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на колегиумот и по барање на Наставно-научниот совет и деканот.

Мандатот на раководителот на колегиумот трае 4 години.

**Член 60-д**

За секоја студиска програма, односно за повеќе сродни студиски програми се избира координатор на студиска/и програма/и.

Координаторот на студиската/те програма/и го избира Деканатската управа на предлог од колегиумот, во чиј состав влегува/ат соодветната студиска/и програма/и.

Координаторот на студиската/те програма/и го води и го координира наставниот процес на студиската/те програма/и.

Мандатот на координаторот на студиската програма трае четири години.

Во решението од член 60-б, став 5 се именува и координатор на студиска/и програма/и, согласно со Одлуката на Деканатската управа.

*Одбор за соработка и доверба со јавноста*

**Член 61**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ги врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира факултетски Одбор за соработка и доверба со јавноста.

За член на Одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде избрано лице кое согласно со член 43 од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа. Составот и начинот на предлагање на неговите членови се определува со овој Правилник.

Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 9 члена:

- 3 члена избира Наставно-научниот совет, од кои 2 од наставно-научниот кадар на Факултетот и 1 студент по предлог на Студентскиот парламент на Факултетот;
- 1 член - Собранието на Република Македонија;
- 1 член - Министерството за образование и наука;
- 1 член - Советот на град Скопје;
- 1 член - Советот на општина Карпош;
- 1 член - претставник од Стопанската комора на Македонија;
- 1 член - претставник од Инженерската комора.

По прашањата за кои Одборот за соработка и доверба со јавноста расправа, се усвојуваат препораки.

Поблиски критериуми и надлежностите на Одборот за соработка и доверба со јавноста се утврдени со закон и со подзаконски акти.

*Одбор на поддржувачи (алумни) на Факултетот*

**Член 62**

Заради остварување континуитет на дипломираните студенти на трите вида и трите циклуси на студии, Факултетот основа Одбор за поддршка (алумни).

Основна цел на овој Одбор е да ги продолжи контактите и соработката со инженерската струка, а со цел за развој на овие науки.

Одборот, по правило, еднаш годишно закажува средба на поддржувачите на Факултетот (алумнистите).

Членови на Одборот се членовите на Деканатската управа и истакнати инженери, како од земјава така и од странство.

## ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

**Член 63**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот со кои се регулираат високо-образовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 64**

Толкувања на одредбите на овој Правилник дава Наставно-научниот совет. Согласност на овој Правилник дава Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 65**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

**Член 66**

Деканот, продеканите и раководителите на внатрешните организациски единици продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на мандатот за кој се избрани.

**Член 67**

Одредбите од овој Правилник за соработниците ќе се применуваат согласно со роковите утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл. весник бр. 103 од 19 август 2008 година), односно Законот за изменување и дополнување на Законот за научноистражувачката дејност (Сл. весник бр. 46 од 7 април 2008 година).

**Член 68**

Постојните форми и облици на давање јавни услуги основани од Факултетот пред донесувањето на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008), Статутот на Универзитетот и овој Правилник продолжуваат со својата работа доколку во рок од 3 месеци ги усогласат актите со Статутот на Универзитетот.

**Член 69**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Статутот на Факултетот донесен на 7.ВИ 2001 година (Универзитетски гласник бр.8 од 25.9.2001 година).

**Член 70**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во јавното гласило на Универзитетот.

**Член 71**

(член 17 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето - 5 јули 2013 година)

Овој Правилник и Анекс 1 кон Правилникот влегуваат во сила со денот на објавувањето во јавното гласило на Универзитетот, а ќе се објават по добивањето согласност од Универзитетскиот сенат.

**Декан**

**Проф. д-р Атанас Кочов, с.р.**